# Читање на стихови од епската песна

# Илијада од Хомер

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Сиже на епската песна *Илијада*

Епската песна *Илијада* е напишана од хеленскиот епски поет Хомер во која тој пее за страдањето на ахајските (хеленските) војски пред ѕидините на градот Троја во Мала Азија (денешна Турција). Тројанската војна настанала како последица на грабнувањето на спартанската кралица Хелена од страна на тројанскиот принц Парис. Парис од Троја тргнал во дипломатска посета на градот Спарта во Хелада за да склопи сојуз со спартанскиот крал Менелај.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Сиже на епската песна *Илијада*

Ноќе од неговата палата ја грабнува жена му Хелена и преку Егејското Море со патнички брод ја носи во Троја каде што таа доброволно му станува негова сопруга. Кралот Менелај налутен и бесен го повикува брат му Агамемнон, кралот на градот Арг, да тргнат во војна против Троја и тројанскиот крал Пријам, таткото на Парис, со цел да ја вратат Хелена назад и за возврат да ја уништат Троја. Многубројна флота со воени бродови и тргнува едно утро по водите на Егејското Море во правецот на Троја.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Сиже на епската песна *Илијада*



Покрај војските, напомош како сојузници се приклучиле многу јунаци и херои (полубогови), меѓу кои биле најсилниот Ахил како херој, Диомед, Одисеј, Ајант и др. кои како водачи донеле сопствена војска. Кога пристигнале подигнале воени шатори и започнале со воени напади. За жал, Троја била тешко победлива поради високите ѕидини и снажните Тројанци. Десет години се водела војната, а во *Илијада* поетот Хомер ја пее десеттата година од војната пред Троја.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Сиже на епската песна *Илијада*



Следните стихови се од првото пеење на „Илијада“ (1-7 стих). Хомер ја повикува музата на епската поезија Калиопа да му помогне да ја испее песната (инвокација). Во почетниот дел тој бара од божицата да пее за гневот на Ахил кој се откажал од војување затоа што кралот Агамемнон му ја зел робинката Брисеида. Бидејќи Ахил не им помагал на Ахајците во војната против Троја, многу ахајски јунаци загинале. Ахил бил гневен, се налутил и откажал од војната.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Првото пеење на *Илијада*
# 1-7 стих *Гневот на Ахил*

*„Гневот, божице, спеј го на Ахила, синот Пелéјев,*
*пустиот гнев што им задал н’Ахајците безбројни бољки*
*силни во Ад испраќајќи многубројни јуначки души,*
*нихните трупови пак правејќи ги плен на псите*
*и на јастребите сите; по војлата Ѕевсова било*
*да се раскараат прво и разделат двајцата мажи:*
*синот Атрéјев, јуначкиот цар, и божескиот Ахил“*



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Првото пеење на *Илијада*
# 1-7 стих *Гневот на Ахил*
# на изворен хомерски грчки јазик




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND